# Извадок на дел од дневните настани 29.08.2025

29/08/2025

Министерство за внатрешни работи

СВР Куманово поднесе кривична пријава против 17-годишник од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 28.04.2025 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и кокаин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ш.Б.(59) од с.Горно Јаболчиште, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 24.05.2025, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиштол и куршуми.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.М.(31) од Скопје, со престој во Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци“. Во период од јануари до јуни 2025, пријавениот на социјална мрежа објавил фотографии на женско лице, без нејзина согласност.

На 28.08.2025 во Скопје, на различни локации, полициски службеници од СВР Скопје ги лишија од слобода И.С.(47) и И.А.(18) од с.Бојане, скопско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и гасен пиштол. По целосно документирање на случаите ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска (29.08.2025) околу 03:30 часот во СВР Охрид е пријавено дека на ул.„Радојца Новичиќ“ во Охрид, 15-годишен малолетник од Канада, а со престој во с.Долно Лакочереј, охридско, управувајќи мопед „априлија“ со охридски регистарски ознаки, удрил во лисица и паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетниот возач, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо“ во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 28.08.2025 во СВР Тетово е пријавено дека околу 10:00 часот на автопатот Тетово– Скопје, во близина на Карпалак, настанал пожар на патничко моторно возило „фолксваген шаран“ со скопски регистарски ознаки, управувано од П.П.(57) од с.Сарај, скопско, додека се движело. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица-Тетово. Увид на местото на настанот бил извршен од увидна екипа од СВР Тетово.

На 28.08.2025 во 23:26 часот во СВР Штип, О.Т. (47) од Велес пријави дека нејзиниот син П.Т. (22) за време на одржување на турнир во мал фудбал на спортско игралиште во село Лозово, бил физички нападнат од Г.Н. (45). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2025 во 13:30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го лишија од слобода А.С.(49) од Р.Косово, затоа што при извршена гранична контрола констатирано било дека евидира во оперативна евиденција со мерка „задржи и веднаш извести“ издадена од страна на Финансиска полиција, поради сторено кривично дело „затајување“. А.С. е предаден на службено лице од Финансиска полиција за понатамошна постапка.

На 28.08.2025 во 17:00 часот во СВР Тетово е лишен од слобода З.Б.(75) од тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полово вознемирување“, а по претходна пријава од 11.08.2025 од страна на 42-годишна жена од тетовско дека З.Б. полово ја вознемирувал нејзината малолетна ќерка. Од страна на полициски службеници од СВР Тетово по добиена судска наредба, бил извршен претрес во дом и помошни простории на З.Б., при што се пронајдени и одземени мобилен телефон, лап топ компјутер, ресивер и други предмети. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (29.08.2025) во 05:00 часот во СВР Скопје, Б.А.(29) пријави дека во неговиот двор во с.Сарај, скопско, било опожарено патничко моторно возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот татко С.А.(64). Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од пријавителот. Извршен е увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2025 во 12:45 часот во СВР Скопје е пријавено дека во угостителски објект на Средно Водно бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.С.(40) и 15-годишен малолетник од една страна и Т.Н.(61), С.А.(82) и Д.А.(60) сите од Скопје од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (29.08.2025) во 04:30 часот во СВР Скопје 29-годишна жена пријавила дека околу 00.00 часот во домот во скопско село била физички нападната од нејзиниот сопруг В.К.(32) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2025 во 13:00 часот во СВР Скопје е пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Т.Ф.(56) и А.С.(41), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.08.2025 во 16:30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на излез од државата полициски службеници го лишиле од слобода Т.К.(36) од Р.Хрватска поради тоа што при извршена гранична контрола констатирано било дека истиот евидира со мерка „апси“ по барање од СВР Скопје. Имено, истиот ден околу 09.00 часот во домот на подрачјето на Центар физички ја нападнал неговата 38-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветна кривична пријава.

На 28.08.2025 во 15:54 часот во СВР Скопје, Б.Ѓ. пријави дека на подрачјето на Чаир, во помошен објект на напуштена куќа на нејзината мајка, пронашла автоматска пушка. Според пријавеното, таа го повикала соседот за да проверат што има друго внатре во помошниот објект, при што дошол синот на соседот, ја турнал Б.Ѓ., ја зел пушката и избегал. По извршен претрес и дополнителни проверки од страна на полициски службеници, во објектот се пронајдени уште една пушка, пиштол и куршуми. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



## Информации

ул. Димче Мирчев бр. 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 (0)2 3 117 222
kontakt@moi.gov.mk

uslugi.gov.mk

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.